РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 11-4196/20
13.12. 2021 год.
КАВАДАРЦИ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Урбанистички план за село Раец, Општина Кавадарци** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Кавадарци** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Општина Кавадарци** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **д.и.а Гордана Белевска Мустафа** |
| Назив на работното место | **Советник за планирање на просторот** |
| Контакт податоци за лицето | **072 314 690** |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| Што произлегува од донесувањето на планскиот документ?(Пр. Законска обврска или друга одредба ) |
| Програма за изработка на урбанистички планови за 2016 година, Глава III, Точка 9. Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16,64/18, 68/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, број 142/15 ,7/15,222/15, 228/15, 35/16,99/16,134/16, 33/17, 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП,формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот ? |

| | | |
|---|---|---|
| Да | X | |
| Не | | |

| |
|---|
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Урбанистичка документација за населено место Раец, КО Раец – Општина Кавадарци. Оваа документација е вон сила согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 24/13) |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од законот за животна средина ? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа |
| Да, Просторно и урбанистичко планирање |
| Дали планскиот документ определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | Член | | | Точка | | Алинеја | |
| Не | X | | | | | | | | |

| |
|---|
| Дали планскиот документ се планира реализирање на проект што е определен со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да. Границата на планскиот опфат е дефирана графички и со координати дадени во табеларниот дел. Границата на опфатот е долга 14744,63м' и формира површина од 14,65 ха. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |

Урбанистичкиот план за село како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со компатибилни класи на намена на основната класа на намена која е дефинирана со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец, имајќи ги во предвид Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), приоритетните погодности и ограничувања преку анализата на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.

Предмет на планскиот документ.(пр транспорт,планирањена простор и сл.)

Просторно и урбанистичко планирање

Период за донесување на планскиот документ

/

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку год?

/

Простор или област опфатени со документот.пр.георгавска област,(добро е да се прикачи мапа)

Во рамките на вака дефинираниот простор опфатени се следните катастарски парцели:

- Од Север: Ја сече КП 488, поминува северо источно по границите на КП 454,источно ја сече парцелата КП 459/5, продолжува по границата на КП 456 и КП 457, северно западно ја сече КП 2185, продолжува по границата на КП 503, КП 505 и КП 508, ја сече КП 513, се движи по граница на КП 1540, ја сече КП 2186, продолжува по КП 1527, ја сече КП 2187, продолжува да се движи на границата на КП 1506 и КП 1507;
- Од Исток: се движи западно границата на КП 1507 и КП 1504, јужно источно ја сече КП 2188, продолжува по КП 1489, ја сече КП 1491 и КП 1402, продолжува по границата на КП 1449, ја сече КП 1448 и се движи по границата на КП 1447;
- Од Југ: Се движи по југо источната границата на КП 1447, КП 1448, ја сече КП 1431, КП 1439 и КП 2190, продолжува југо западно по границите на КП 1861, КП 2179/1, КП 1467, КП 1468, КП 1469 и КП 1470, продолжува кон југо источниот дел на КП 1605, продолжува југо западно по границите на КП 1590/2, КП 1590/1, КП 1591, КП 1592, КП 1597, КП 1598, КП 1599/3, КП 1599/2, КП 1599/1, КП 1606, КП 1607, КП 1608, КП 1587 и КП 1609 ;
- Од Запад: Се движи по КП 2191/1, КП 1622, КП 1621, КП 1620 и КП 1619, ја сечи КП 1617, продочжува да се движи северо западно по границата на КП 433, КП 432, КП 431, КП 430 и ја сече КП 448

Планскиот опфат го опфаќа селото Раец, КО Раец во Општина Кавадарци.
Границата на планскиот опфат е дефирана графички и со координати дадени во табеларниот дел. Границата на опфатот е долга 14744,63м' и формира површина од 14,65 ха



Целите и /или предлог целите што треба да се постигнат со реализирање на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

| | |
|---|---|
| Да | |
| Не | X |

Дали е приложена копија од целите?

| | |
|---|---|
| Да | |
| Не | X |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги потполните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можело да имаата значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Посебни потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ нема

изградба на објекти со намена:
Основни загадувачи на просторот се сите видови моторни возила.
Имајќи ја во предвид оваа состојба, може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштитна на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

А) Мерки за заштита на квалитетот на воздухот
Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15).
Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.
За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот предвидено е сите слободни површини (парковски) да се уредат.
Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите во рамките на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во локалитетот.
Б) Мерки за заштита на квалитетот на почвата
Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.
Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

| | |
|---|---|
| Веројатноста,времетраењето,фреквентноста и повратноста на влијание | Не постои веројатност дека усвојувањето на оваа планска документација ќе има негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба, така и во фазата на експлоатација на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фазана градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не значајни |
| Комулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | / |

| | |
|---|---|
| Ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Водено е сметка за негова рационална искористеност со цел да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Површината на планскиот опфат во рамките на опишаната граница изнесува 146458,71m$^2$,<br>односно 14,65ha.<br>Периметарот на планскиот опфат изнесува 2251,76m'. |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Урбанистичкиот план за село Раец, Општина Кавадарци ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на замјиштето за изградба на објектите, инфраструктурните системи и партерно уредување.
Економското образложение произлегува од реалната состојба на објектите на терен и планското решение.
Земајќи во обзир дека во моментов на предметниот простор нема важечка урбанистичка документација, реализацијата на било какви градби е стопирана. Со Планот се овозможуваат услови за правилен развој и реализација на градби од страна на крајните корисници, со што се добива повеќе комуналии за општината, а со уредувањето на комуналниот систем ќе се овозможи поголем квалитет, односно повисок стандард на живеење за жителите во непосредната околина и пошироко. Обемот и динамиката на планското решение ќе го дефинира Општината според интересот и можностите за финансирање.

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:

Со планот се утврдени плански големини на Процентот на изграденост на градежното земјиште (Р), Коефициентот на искористеност на градежното земјиште (К) и висината на градбите, се овозможува слободно да се дефинира секоја градежна парцела, при тоа архитектонската креативност да биде императив.
Планот се изработува како Урбанистички план за село, на ниво на дефинирана наменска употреба на земјиштето (наменски зони), со плански период од 10 години.

| | |
|---|---|
| Потребни природни карактеристики или културно наследство | |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | |

| | |
|---|---|
| Интензивна употреба на земјиштето | А1 – Домување во станбени куќи, со компатибилни намени<br>Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, со компатибилни намени,<br>- В1 – Образование и наука /Основно училиште/, со компатибилни намени,<br>- В4 – Државни институции, со компатибилни намени,<br>- Д1 – Парковско зеленило, со компатибилни намени,<br>- Д3 – Спорт и рекреација, со компатибилни намени и<br>- Е2 – Комунална супраструктура /Трафостаници/ Покрај горенаведените, се планираат и наменски зони како земјиште за општа употреба со<br>следниве основни класи на намена:<br>- Д2 – Заштитно зеленило и<br>- Е1 – Комунална инфраструктура /Сообраќајни коридори и површински канали/.<br>- Е2 – Комунална супраструктура /Трафостаници/. |
| Влијанијата на областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународно заштитени подрачја | Нема |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите: |
| Према заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките дадени со предходни планови. можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:<br>• рационално искористување на градежното земјиште;<br>• дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;<br>• решавање на сообраќајот и сообраќајот во мирување (паркирање);<br>• оптимално димензионирање на комуналната инфраструктура.<br>Деталниот урбанистички план, со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти): |

Планскиот концепт на развојот и уредувањето на селските подрачја претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните 33услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален – сеопфатен развој на селото.
Концептот на развојот и уредувањето на селските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено: намалување и постапно запирање на процесот на депопулација на руралните населби; подобрување на демографската структура и социјалната положба на руралното население; создавање на општествени услови за стопански просперитет на селото и економска сигурност на селското население; стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството; подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура; интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и користење на севкупната површина во границите на атарот и обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици. и истиот нема влијание врз животната средина ина непосредната околина

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на зажтита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр.еден инфраструктурен план може да има поголеми влијаанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6рој 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
Врз основа на Член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6рој 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4. обезбедување на противпожарни пречки;
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребната инфраструктура.

| |
|---|
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки кои што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. |
| За просторот опфатен со предметниот Урбанистички план за село Раец, КО Раец, Општина Кавадарци има претходно изработена Урбанистичка документација за населено место Раец, КО Раец – Општина Кавадарци донесен со одлука бр. 07-940/12 од 12.07.2002. Границите на планскиот опфат на оваа документација од 2002 год. грубо коинцидираат со границите на предметниот Урбанистички план за село Раец, Општина Кавадарци. Овој план од 2002 год. согласно Член 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 51/05), Член 46 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 137/07) и Член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 163/13) е вон сила, т.е. не се применува, а просторот опфатен со истиот се смета за простор вон плански опфат.<br>Оттаму, согласно одредбите на Член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), за согледување на планските можности за планирање на просторот, односно изготвување на урбанистички план за село, обезбедени се Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Раец, Општина Кавадарци, кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y05518 од јули 2018 година и за кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1-15 1061/2019 од 25.07.2019 година.<br>Одредбите на горенаведените Услови за планирање претставуваат основа за изработката на овој план |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали предходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. |
| / |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена врз влијание на животната средина). |
| / |

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавувам дека податоците дадени во овој формулар се точни вистинити и комплетни | |
| функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник<br>М-р Митко Јанчев |
| Датум<br>Место | 13/12/2021<br>Кавадарци | М.П. |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ